РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 04-7353/8
04-10-2022 год
СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 48, 49, 50, 51, 52 и 53 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/2019, 14/2020 и 215/2021 и 99/2022), согласно Правилник за систематизација на работните места во Општина Аеродром (05.11.2015 година, број 04-4635/1 од 14.07.2017 година, број 04-1043/1 од 14.02.2018 година, број 04-1816/1 од 19.03.2018 година, број 04-1816/4 од 02.05.2018 година, 04-5304/1 од 07.08.2018 година, број 04-7884/1 од 29.10.2018 година, број 04-8399/1 од 16.11.2018 година, број 04-9159/1 од 18.12.2018 година број 04-7955/1 од 24.10.2019 година, број 04-7955/4 од 05.11.2019 година, 04-375/1 од 23.01.2020 година, 04-375/4 од 26.02.2020 година, 04-375/7 од 25.09.2020 година, 04-1469/1 од 05.03.2021 година, 04-80941 од 18.11.2021 и 04-406/1 од 21.01.2022 година, 04-1336/1 од 25.02.2022 година и 04-5206/1 од 08.07.2022 година), Секретарот на Општина Аеродром на ден 04.10.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор на административен службеник по објавен интерен оглас 06/2022

1. Административниот службеник Марија Трајчевски се избира на работно место - Советник за поддршка на локалниот економски развој шифа УПР 0101В01000, ниво В1, во Одделение за работи на градоначалникот и локалниот економски развој, Сектор за работи на градоначалникот - 1 извршител, по интерен оглас бр.06/2022, објавен на веб страната на Општина Аеродром и на Агенцијата за администрација на ден 21.09.2022 година.
2. За именуваниот кандидат од точка 1 на оваа одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука ќе се донесе решение за унапредување на административен службеник.
3. Одлуката за избор на административен службеник по Интерен оглас бр.06/2022 се доставува до кандидатите и се објавува на веб страната на Општина Аеродром.

## Образложение

На ден 21.09.2022 година на веб страната на Општина Аеродром и на веб страната на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас бр.06/2022 за унапредување на административни службеници во Општина Аеродром за работно Советник за поддршка на локалниот економски развој шифа УПР 0101В01000, ниво В1, во Одделение за работи на градоначалникот и локалниот економски развој, Сектор за работи на градоначалникот - 1 извршител.

Врз основа на објавениот интерен оглас Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение на Секретарот на Општина Аеродром број 04-7353/5 од 27.09.2022 година, по спроведена административна селекција и по спроведено интервју со единствениот уреден кандидат за работно место - Советник за поддршка на локалниот економски развој шифа УПР 0101В01000, ниво В1, во Одделение за работи на градоначалникот и локалниот економски развој, Сектор за работи на градоначалникот - 1 извршител, состави записник со финална ранг листа на кандидати со предлог - одлука за избор на прворангиран кандидат, заведен под број 04-7353/7 од 30.09.2022 година.

Согласно член 51 став 6 од Законот за административни службеници Комисијата ја достави до Секретарот на Општина Аеродром финалната ранг листа на кандидати со предлог – одлука.

Врз основа на горенаведеното, Секретарот на Општина Аеродром по разгледување на приложената финална ранг листа одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Упатство за правно средство**: Против ова решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот до Комисија на Агенцијата за администрација решавање во втор степен по жалби и приговор на административни службеници во рок од 8 дена од денот на приемот и објавувањето на одлуката на веб страната на Општина Аеродром.

Изготвил Ирена Петревска
Соработник за развој и унапредување
на процесот за управување со човечки ресурси

Секретар на Општина Аеродром
Јулијана Павковска Боцевска

Доставено до:
- именуваниот
- правна служба
- Сектор за финансиски прашања
- архива